JAВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDЁRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-7511/2
Дата, Data 29-10-2024
СКОПЈЕ - SHKUP



Врз основа на чл.48 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), чл.2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен Весник бр. 11/2015 и 35/18), Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и Канализација - Скопје арх.бр. 0302-14317/1 од 22.11.2018 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-10350/2 од 29.07.2019 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-12366/1 од 18.09.2019 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-13130/1 од 04.10.2019 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-13697/1 од 15.10.2019 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-758/1 од 24.01.2020 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-761/1 од 21.01.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-761/2 од 09.02.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-862/1 од 04.02.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-4138/1 од 21.04.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-12709/1 од 28.12.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-862/1 од 04.02.2022 година, в.д. директорот на ЈП Водовод и канализација - Скопје објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 6/2024**
**за пополнување на работно место на**
**административен службеник со унапредување**

1. **Раководител на одделение за комуникациски технологии, во Одделение за комуникациски технологии, во Сектор за ИТ и развој, со шифра КДР0102Б04147, ниво Б04, 1 (еден извршител),**

   **Посебни услови:**
   - **Стручни квалификации** – за ниво Б4 - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; (информатика, елетротехника, економски науки)

   - **Работно искуство -** за ниво Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

**Потребни општи работни комепетенции на напредно ниво:**

- решавање на проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.
-

**Потребни посебни работни компетенции:**

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

**Работно време**: Понеделник до петок, од 07:30 - 15:30, 40 часа неделно.
**Нето месечна плата**: 40.920,00 денари.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат и следните општи услови утврдени со член 31 став (1) од Законот за административните службеници:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во ЈП Водовод и канализација - Скопје, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки

- потврди за успешно реализирано менторство.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку архивата на ЈП Водовод и канализација - Скопје до Секторот за човечки ресурси и Одделението за јавни службеници на адреса ЈП Водовод и канализација - Скопје, ул. Лазар Личеноски бр.9 Скопје, како и до службената електронска адреса **kadrovo@vodovod-skopje.com.mk** со назнака "за интерен оглас".

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈП Водовод и канализација - Скопје.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
в.д.Директор
М-р Тони Миновски

Изработил: Александра Зенговска
Контролирал:Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов